Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 15[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), во согласност со член 67 ставови 1, 7 и 8 од истиот Закон, а во врска со точка 5 алинеја 2 и точка 10 од Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, арх.бр.01-2265/1 од 03.05.2018 г., член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за телевизиско емитување од Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА МЕВАИП ДООЕЛ Тетово, арх.бр.84-12/24 од 27.11.2024 г., (наш арх.бр.03-4934/1 од 27.11.2024 г.), согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-4999/2 од 05.12.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 44-та седница одржана на 05.12.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**1.** СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за промена и дополнување на повеќе од 20% од Програмскиот концепт од дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-35 од 07.09.2023 г. на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА МЕВАИП ДООЕЛ Тетово, во делот што се однесува на јазикот на емитување, односно покрај емитување програма на албански јазик, радиодифузерот да емитува програма и на турски јазик.

**2.** Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

## Образложение

Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА МЕВАИП ДООЕЛ Тетово (ТВ КОХА), е имател на Дозвола за телевизиско емитување Уп1 бр.08-35 од 07.09.2023 г., со важност од 3 (три) години[2], почнувајќи од 05.01.2024 г. до 04.01.2027 г. за емитување преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс на регионално ниво, на подрачјето Д8 – Попова Шапка (општина Тетово, општина Гостивар, општина Врапчиште, општина Боговиње, општина Брвеница, општина Теарце, општина Јегуновце и општина Желино), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик. Јазикот на емитување на програмата на радиодифузерот е наведен и во Програмскиот концепт кој е составен дел на Дозволата за телевизиско емитување на ТВ КОХА (Уп1 бр.08-35 од 05.01.2015 г.) како Прилог бр.3., која е продолжена согласно Одлуката на Советот на Агенцијата, Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 г. за продолжување на дозволите за телевизиско или радиоемитување, чијашто важност истекува заклучно со 31 декември 2024 г.

Согласно член 67 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), форматот на програмскиот сервис на радиодифузерот (општ или специјализиран) и основните суштински насоки за работата на радиодифузерот се утврдени со програмски

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.248/18).

[2] Важноста на Дозволата на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА МЕВАИП ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-35 од 05.01.2015 г. е продолжена согласно Одлуката на Советот на Агенцијата, Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 г. за продолжување на дозволите за телевизиско или радиоемитување, чијашто важност истекува заклучно со 31 декември 2024 г.

концепт. Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела. За промена или дополнување на програмскиот концепт врз основа на кој радиодифузерот ја добил дозволата за телевизиско или радио емитување, повеќе од 20%, радиодифузерот мора да добие претходна согласност од Агенцијата. Барањето за добивање на согласност се доставува на образец изготвен од страна на Агенцијата и објавен на нејзината веб страница. Програмскиот концепт врз основа на кој радиодифузерот ја добил дозволата за телевизиско или радио емитување, како и неговите промени или дополнувања се објавуваат на веб страницата на Агенцијата (член 67 ставови 6, 7 и 8 од ЗАВМУ).

Советот на Агенцијата на 23-та седница одржана на 19.07.2023 г., усвои обрасци на барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата, за телевизиско и за радио емитување и истите ги објави на веб страницата на Агенцијата.

На 27.11.2024 г. ТВ КОХА, согласно член 67 став 6 и 7 од ЗАВМУ, поднесе Барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за телевизиско емитување арх.бр.84-12/24 од 27.11.2024 г., (наш арх.бр.03-4934/1 од 27.11.2024 г.) на пропишан образец. Радиодифузерот бара промена односно дополнување на програмскиот концепт во делот што се однесува на јазикот на емитување, односно покрај емитување програма на албански јазик, да емитува програма и на турски јазик. Во предметното барање од страна на радиодифузерот беше образложено дека ТВ КОХА го покрива терестријално регионот Д8, во кој живеат и голем број на популација од турска националност, посебно во општините Врапчиште и општина Гостивар, во кој регион, како и во горенаведените општини во моментот нема ниту еден медиум (радиодифузер) кој емитува програма на турски јазик, а од друга страна често има разни активности на турското население кои изворно не биле во можност да ги емитува, па дополнително треба да се титлуваат на албански јазик. Поради наведеното, а со цел подобрување и збогатување на плурализмот во известувањето на овој регион, радиодифузерот бара од Агенцијата да одобри промена на јазикот на емитување и покрај албанскиот јазик да стои и турски јазик.

Согласно Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт (арх.бр.01-2265/1 од 03.05.2018 г.), програмскиот концепт се состои од повеќе елементи поврзани со програмата на радиодифузерот, а еден од нив е и јазикот на емитување. Во глава III „Вреднување на критериумите за надзор" на ова Упатство е утврдено дека јазикот на емитување се вреднува со 25 бодови односно со 25%, што значи дека бараната измена на програмскиот концепт од страна на ТВ КОХА изнесува повеќе од 20% и за неа е потребна претходна согласност од Агенцијата. По разгледување на доставеното барање од ТВ КОХА, надлежниот сектор констатираше дека радиодифузерот е заинтересиран да емитува емисии, покрај на албански јазик, и на турски јазик, за да го подобри и збогати плурализмот во известувањето за овој регион, од причина што регионот што го покрива (Д8) има значителен број турско население, а нема медиум кој емитува програма на турски јазик, така што со додавањето на турскиот јазик, покрај албанскиот јазик, ќе се збогати плурализмот и ќе се овозможи емитување програма на уште еден јазик на етничка заедница што живее во Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, а со оглед дека Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за телевизиско емитување од ТВ КОХА арх.бр.84-12/24 од 27.11.2024 г., (наш арх.бр.03-4934/1 од 27.11.2024 г.) е согласно член 67 ставови 6 и 7 од ЗАВМУ, д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.03-4934/2 од 03.12.2024 г., за донесување на одлука со која се дава согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од Програмскиот концепт од дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-35 од 07.09.2023 г. на ТВ КОХА, во делот што се однесува на јазикот на емитување, односно покрај емитување програма на албански јазик, радиодифузерот да емитува програма и на турски јазик.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 15 од ЗАВМУ, во согласност со член 67 став 1, 7 и 8 од истиот Закон, а во врска со точка 5 алинеја 2 и точка 10 од Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, арх.бр.01-2265/1 од 03.05.2018 г., член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одлучувајќи по Барањето

на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за телевизиско емитување од ТВ КОХА, арх.бр.84-12/24 од 27.11.2024 г., (наш арх.бр.03-4934/1 од 27.11.2024 г.), согласно Заклучокот арх.бр.02-4999/2 од 05.12.2024 г., Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.

**Доставено до:**
1. Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА МЕВАИП ДООЕЛ Тетово;
2. Управителот на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА МЕВАИП ДООЕЛ Тетово;
3. Сектор за програмски работи;
4. Сектор за правни работи и јавни набавки;
5. Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1.